РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП-I бр. 25 – 145
09-09-2014 09. 2014 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 24 став (4) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06, 63/07, 24/11, 51/11, 148/11 и 164/13) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/07) , постапувајќи по барањето на правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички преглед ТЦИ ЕуроЦерт ДОО-Скопје, УП-I бр.25–145 од 22.08.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за овластување за вршење на повторна оцена на сообразност и периодично испитување

1. СЕ ОВЛАСТУВА Друштвото за технички испитувања, сертификација и технички преглед ТЦИ ЕуроЦерт ДОО-Скопје, за вршење на повторна оцена на сообразност и периодична инспекција на производи (Модул 1) за сите видови на садови и сите видови на резервоари, согласно одредбите на глава V и глава VI подглава 1 од Правилникот за пренослива опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/07, 122/09, 99/10, 113/11 и 81/12).

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 24 став 1 и 22 од Законот за безбедност на производите.

3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

4. Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи решението УП-I бр. 25-85/2 од 31.05.2012 година.

## Образложение

Друштво за технички испитувања, сертификација и технички преглед ТЦИ ЕуроЦерт ДОО-Скопје, до Министерството за економија поднесе барање УП-I бр. 25–144 од 19.08.2014 година за донесување на Решение за овластување за вршење на повторна оцена на сообразност и периодична инспекција на производи (Модул 1) за сите видови на садови и сите видови на резервоари, согласно Законот за безбедност на производи и одредбите на

глава V и глава VI подглава 1 од Правилникот за пренослива опрема под притисок. Барањето е поднесено поради кадровски промени и продолжување на важноста на сертификатот за акредитација до 28.01.2018 година.

Со барањето доставена е следната документација:
-Решение за упис издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден број 30120090050908;
-Доказ за тековната состојба на правното лице од трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0809-50/150120140039376 од 30.05.2014 година;
-Полиса за осигурување од одговорност од дејност, издадена од Осигурителна полиса АД Скопје со бр. 130280002736 со важност до 27.01.2015;
-Доказ за техничка опременост (изјава) со бр. 03-212/2 од 15.08.2014 година;
-Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр. 0904-50/150120140029898 од 24.04.2014 година;
-Сертификатот за акредитација со Прилог за опсегот на акредитација на инспекциско тело бр. ИТ–024, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 29.01.2014 година;
-Докази за вработениот стручен кадар: Златко Самарџиоски дипл. маш. инж., Драган Антовски дипл. електро инж., Горан Николовски дипл. маш. инж., Никола Поцев дипл. маш. инж., Илчо Трајаноски дипл. маш. инж. и Александар Нојков дипл. маш. инж.

Согласно доставената документација се одлучи како во Диспозитивот на Решението.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР,**
**Bekim Neziri**

**ДОСТАВЕНО ДО :**
- **подносител на барањето**
- **ДИТИ**
- **ДПИ**
- **ИАРМ**

- изработил: Соња Мишиќ Алексовски
- контролирал: Јане Шапардановски
- одобрил: Билјана Д. Стојановска